РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-1284/2
17-06-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 6-та седница одржана ден 12.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1284/1 од 01.04.2024 година, со наводи за вршење на дискриминација и мобинг спрема вработен во „Јавното претпријатие за комунални дејности --------------------“ и претседателот на синдикалната организација при претријатието, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување.

Предметот со број 12-1284/1 од 01.04.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 01.04.2023 година до Државната комисија е поднесена пријава од познат подносител, со наводи дека против истиот како вработен во „Јавното претпријатие за комунални дејности -------------“, има тенденции од страна на други вработени и претседателот на синдикалната организација при претријатието, да се поништи заклучок донесен во негова корист на седница одржана на ден 27.02.2023 година од Управниот одбор на „Јавното претпријатие за комунални дејности ---------------------“. Подносителот во прилог на пријавата го доставил Заклучокот со кое што на сега подносителот му се одобрил барањето за секој петок да работи во неговото место на живеење, односно во с.Присојница. Против овој заклучок незадовозлство изјасниле другите вработени заедно со синдикалната организација во „Јавното претпријатие за комунални дејности ----------------“.

По разгледување на пријавата, ДКСК констатира дека во предметниот случај се работи за повреда на индивидуално право на подносителот, за кое што друг орган е надлежен да

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

постапува и оттаму утврди дека нема надлежност за постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Татјана Димитровска

Изготвил: Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Одобрил: Б.Џ., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата